Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишна програма за работа на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2011/2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 19.09.2011 година.

Број 08-5373/16
26.09.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 59, став 1, алинеа 2 од Законот за ученичкиот стандард („Сл.весник на РМ“ бр.52/05 и 117/08), член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 19.09.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишна програма за работа на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2011/2012 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Годишната програма за работата на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2011/2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5287/17
20.09.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

138.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2011 година

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 19.09.2011 година.

Број 08-5373/17
26.09.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 19.09.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2011 година

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5287/18
14.09.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

139.

Врз основа на член 32, став 2 од Законот за локалната самопурава („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 од Статаутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09 и 18/10), член 108 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09 и 18/10), а во согласност со точка 3 од Решението за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.08/11)

Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на ден 02.09.2011 година донесе,

ДЕЛОВНИК
за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес

I Општи одредби

Член 1

Со овој Деловник се утврдува начинот и делокругот на работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес (во понатамошниот текст -Комисијата).

Членовите на Комисијата ги избира и именува Советот на Општина Велес и за својата извршена работа членовите во целост одговараат пред Советот на Општина Велес.

II Цели и задачи на Комисијата

Член 2

Основна цел и задача на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес е доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти од Општина Велес кои во текот на школувањето покажуваат значајни резултати во образованието, со што ќе се поттикнува и поддржува интелектуалниот развој на младата генерација од сите научни области и дисциплини.

Член 3

За да ја исполни својата задача, Комисијата е должна да изготви Програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, Правилник со кој ќе се утврдуваат условите, критериумите и начинот на доделување на стипендиите, како и да го објави јавниот конкурс за учебната година.

III Начин на работа на Комисијата

Член 4

Комисијата остварувајќи ја својата цел,работи на седници.

Седниците на Комисијата ги свикува претседателот на Комисијата.

Претседателот на Комисијата е должен да свика седница ако тоа го побараат Претседателот на Советот или ако тоа го предложат најмалку два члена на Комисијата, кои треба да достават потребен материјал за прашањето што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на Комисијата не ја свика седницата кога е должен тоа да го стори, седницата на Комисијата ќе ја свика Претседателот на Советот.

Во случај на отсустност на претседателот на Комисијата, со седницата раководи најстариот присутен член на Комисијата, кој го потпишува и записникот за таа седница.

Член 5

Покана за седница со предлог на дневен ред и материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата се доставуваат најмалку три дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред на седницата на Комисијата се утврдува на почетокот на седницата. Во дневниот ред може да се внесат и прашања кои на самата седница ќе ги предложат членовите на Комисијата.

На седницата присуствуваат членовите на Комисијата, а можат да се поканат и претставници на правните лица кои би биле донатори на стипендии, како и други стручни наворешни лица доколку има потреба од нив и тие можат да датат свое видување по одредено прашање, но без право на глас.

Член 6

Комисијата може да одржува седница и да претресува прашања од својот делокруг, само доколку на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на Комисијата.

При изјаснувањето по одредено прашање, Комисијата се изјаснува со мнозинство гласови од членовите на Комисијата.

Член 7

Членот на Комисијата има право и должност да присуствува на седница на Комисијата и да учествува во работата и одлучувањето.

За извршување на својата должност, доверена од Советот на Општина Велес, членот на Комисијата не добива никаков надоместок.

За присуство на членовите на Комисијата се води евиденција.

Член 8

На седница на Комисијата никој не може да говори пред да побара и добие збор од претседателот на Комисијата.

Претседателот им дава збор на членовите според редоследот на пријавувањето за збор.

Членот кој добил збор може да говори само по прашањето кое е на дневен ред.

Членот со одредени аргументи може да им предложи на членовите на Комисијата да се одложи претресувањето на одредено прашање. За ова се изјаснуваат членовите со мнозинство на гласови.

Член 9

За својата работа и одржувањето на седниците Комисијата води записник. Записникот ги содржи издвоените мислења и заклучоци кои се добиени со гласање на членовите.

Записникот од претходно одржаната седница се усвојува на наредната седница и го потпишува претседателот на Комисијата.

Записниците се чуваат во архивата на Комисијата со рок на чување од три години, заедно со целокупната документација за избор на талентираните стипендијанти.

Целокупната административна поддршка и водењето на записниците, Комисијата го добива од општинската администрација.

Член 10

Комисијата соработува и со другите Комисии на Советот на Општина Велес, и може да одржуваат заедничка седница, за прашања од заеднички интерес или ако е потребно усогласување на одредени предлози.

Заедничката седница се свикува договорно од двете или повеќето комисии кои се свикуваат од страна на претседателите на комисиите.

Комисиите за прашањата по кои треба да одлучуваат гласаат одделно.

Член 11

По спроведувањето на јавниот конкурс и разгледувањето на добиените пријави, Комисијата изготвува извештај и предлог – Одлука за избор на талентирани стипендијанти за учебната година, кои ги донесува со мнозинство на гласови и ги доставува до Советот на Општина Велес на разгледување и усвојување.

IV Завршни одредби

Член 12

Деловникот за работа на Комисијата се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Комисијата.

Начинот на изменување и дополнување на Деловникот за работа на Комисијата е ист како и при неговото донесување.

Член 13

Членовите на Комисијата се должни да ги почитуваат одредбите од овој Деловник.

Во случај на непочитување на одредбите од Деловникот, членот на Комисијата може да биде разрешен по барање на претседателот на Комисијата или најмалку по барање од двајца членови.

Барањето се доставува до Советот на Општина Велес и се прави разрешување на членот на првата наредна седница на Советот.

Член 14

Овој Деловник за работа на Комисијата влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5068/1
05.09.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес,
Вангелица Гаврилова с,р.

140.

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес,

Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес на ден 02.09.2011 година, донесе

Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А
за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2012 година

Вовед

Основна цел и задача на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес е стипендирање на талентирани ученици и студенти од Општина Велес кои во текот на школувањето покажуваат значајни резултати во образованието, со што ќе се поттикнува и поддржува интелектуалниот развој на младата генерација од сите научни области и дисциплини.(Во понатамошниот текст - Комисијата)

Комисијата ќе го следи и економски ќе го помага научниот развој на учениците и студентите на Општина Велес.

Појдовни начела

1.Досегашните искуства и потреба за доделување на стипендии за талентирани ученици и студенти со високи образовни резултати.

2.Одредбите за заштита за ученичкиот и студентскиот стандард.

3.Потребата за економската поддршка на талентираните ученици и студенти.

4.Комисијата, своите должности и одговорности ќе ги остварува според Уставот на Република Македонија, Законот, Деловникот за работа, Годишната програма за работа на Комисијата, Правилникот за услови и критериуми за доделување на стипендии и насоките на Советот на Општина Велес.

5.Искуствата на други комисии.

Дејствување

- откривање, стимулирање и негување на надарени ученици и студенти од различните области на наука, техника, култура, уметноста и спортот;
- соработка со воспитно-образовните институции и менторите;
- континуирана промоција на постигања на стипендијантите преку радио - телевизиските станици и печатот;
-соработка со сите субјекти кои имаат програми со кои придонесуваат во развојот на учениците и студентите;
-соработка со родителите заради заедничко дејствување за доброто на ученикот и студентот;
-исклучува политичко дејствување и активности насочени против уставниот поредок и против разгорување на национална, расна или верска нетрпеливост.

Цели и задачи

-Доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти од Општина Велес;
-поттикнување на високи резултати во сите научни области;
- следење и проценување на резултатите на стипендијантите во образованиот процес.

Конкурсни рокови

-конкурсен рок на ученици и студенти месец- Октомври

Финансирање

Средствата за финансирање за стипендирање на талентираните ученици и студенти се од Буџетот на Општината, како и прибавување финансиски средства од донации или прилози дадени од правни и физички лица од земјата и странство.

Бројот на стипендијантите според средствата обезбедени во Буџетот на Општината за оваа намена се три за ученици и три за студенти.

Идни активности

- прибирање на средства од повеќе донатори;
- организирање на средби со можни финансиери;
- информирање на пошироката јавност со цел да се зголемуваат средствата за стипендирање на ученици и студенти;
- организирање разни акции и манифестации сврзани со целите и задачите на Фондацијата.

Број 07-5069/1
05.09.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес,
Вангелица Гаврилова с,р.

141.

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес,
Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес на ден 02.09.2011 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите, видот и бројот на стипендиите, условите на објавување на јавниот конкурс, пријавувањето, начинот на доделување на стипендии, правата и обврските на примателите на стипендиите како и други прашања кои се однесуваат на начинот на доделување на стипендиите на талентирани ученици и студенти од Општина Велес. (Во понатамошниот текст-Правилникот).

Член 2

Предлог за доделување на стипендии дава Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти формирана од Советот на Општина Велес до Советот на Општина Велес кој носи одлука за доделување на стипендиите.

Доделувањето на стипендиите се врши на свечена седница. Доделувањето го врши Градоначалникот на Општина Велес.

За бројот на стипендиите и висината на стипендијата одлучува Комисијата.

Комисијата го распишува јавниот оглас и ги утврдува условите за пријавување. (Во понатамошниот текст -Комисијата).

Видови и број на стипендии

Член 3

Општина Велес преку Комисијата за една учебна година ќе доделува:

-3 стипендии на талентирани ученици од III-IV година во средно образование;

-3 стипендии на талентирани студенти со завршена најмалку една година од студиите во високото образование.

Висината на стипендиите е:

-За ученици стипендијата е во висина од 1.500 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината;

-За студенти стипендијата е во висина од 2.000 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

Услови и критериуми за доделување на стипендии

Член 4

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат и студираат во училиштата и факултетите во Република Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

- Да се редовни ученици од средно образование (од III или IV година) со континуиран одличен успех кои освоиле I награда на државни натпревари или I, II или III награда на меѓународен натпревар од областа на науката, техниката, културата и спортот;

Да се редовни студенти (со запишана II година) кои освоиле I награда на државни или I, II, или III награда на меѓународни натпревари од областа на науката, техниката, културата и спортот при што приоритет имаат кандидатите кои освоиле повисока награда, а кои во претходните

-години на студии постигнале просечен успех од 9,00 или над.

-Да се жители на Општина Велес и

-Да се државјани на Република Македонија.

Бодирање

Член 5

1.Бодирањето за ученици ќе се врши преку:

-Освоени награди на државни натпревари за I место со 15 бода, за II место со 10 бода и за III место со 5 бода;

-Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 30 бода, за II место со 20 бода и за III место со 10 бода;

-Економската состојба на семејството ќе се бодира на начин што ќе се цени материјалната положба-надоместокот кој се добива по член на семејството. По рангирањето оној кандидат кој има добиено најмал просек –средства по член на семејството добива 10 бода, сите погоре рангирани според просекот се бодираат по 1 бод помалку.

2.Бодирањето за студенти ќе се врши преку:

-Освоени награди на државни натпревари за I место со 15 бода, за II место со 10 бода и за III место со 5 бода;

-Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 30 бода, за II место со 20 бода и за III место со 10 бода;

-Објавени стручни трудови од областа за која се оспособува со 5 бода ,

-Економската состојба на семејството ќе се бодира на начин што ќе се цени материјалната положба-надоместокот кој се добива по член на семејството. По рангирањето оној кандидат кој има добиено најмал просек –средства по член на семејството добива 10 бода, сите погоре рангирани според просекот се бодираат по 1 бод помалку.

Обезбедување на средствата за стипендиите

Член 6

Средствата за финансирање за стипендирање на талентираните ученици и студенти се обезбедуваат од Буџетот на Општината, како и прибавување финансиски средства од донации или прилози дадени од правни и физички лица од земјата и странство.

Средствата за три стипендии за ученици и три за студенти се обезбедени од Буџетот на Општината.

Бројот на стипендии за тековната година може да се зголеми во зависност од обезбедените и прибраните средства од донаторите.

За зголемениот број на стипендии за тековната година, Комисијата ќе донесе посебна Одлука во која ќе го определи бројот на стипендии и ќе го утврди донаторот и висината на средствата.

Во овој случај донаторот има право сам да го бира стипендијантот од пријавените кандидати.

Јавен конкурс

Член 7

Јавниот конкурс го објавува Комисијата и содржи: вид и број на стипендии, услови за доделување на стипендии, потребна документација, место и рокови на поднесување на документацијата.

Конкурсот се објавува на огласна табла и на интернет страната на Општината www.veles.gov.mk, на огласна табла во сите средни училишта во градот и локалните медиуми.

Пријавување

Член 8

Пријавувањето на јавниот конкурс за стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Велес се врши со пополнување на Пријава-образец кој е изготвен од Комисијата.

Пријавата заедно со другите обрасци може да се подигне од Општинскиот центар за услуги при Општина Велес.

Пријавата со комплетната документација се доставува до Комисијата.

Подносителот на пријавата е должен со пријавата да достави:

-Пријава од апликантот до Комисијата;

-Свидетелства за континуиран одличен успех;

-Уверение за положени испити;

-Потврда за запишана година на факултетот;

-Документ кој потврдува освоени награди на државни натпревари;

-Документ кој потврдува освоени награди на меѓународни натпревари;

-Потврда за објавени стручни трудови;

-Препорака од предметниот наставник/ментор на студентот;

-Препорака од наставничкиот колегиум/училиштето-факултетот;

-Уверение за семејна и материјална положба;

-Потврди за личен доход на вработените членови од семејството;

-Потврда од Агенцијата за вработување за невработените членови од семејството;

-Есеј на студентот на тема ,,Како би и помогнал на локалната заедница како иден експерт“;

-Фото копија од лична карта или пасош.

Кон пријавата апликантот е должен да достави и Изјава дека сите податоци доставени со целокупната документација се вистинити и содржината на истите е вистинита заверена кај нотар.

Донесување на Одлука

Член 9

По завршувањето на истекот на рокот предвиден во јавниот конкурс за поднесување на пријавите, Комисијата ги разгледува доставените пријави.

Ги утврдува комплетните и навремено доставените пријави и врши нивно разгледување и бодирање.

Некомплетните и ненавремено доставени пријави Комисијата нема да ги разгледува и ќе бидат вратени на подносителите на пријавите.

Член 10

По извршеното бодирање на комплетните и навремено доставените пријави, Комисијата составува листа на бодирани кандидати.

Доколку има кандидати со ист број на бодови, предност ќе има кандидатот со послаба материјална состојба.

Во случај бодираните кандидати да имаат ист број на бодови и иста материјална состојба, Комисијата ќе донесе одлука со мнозинство на гласови, а ќе се гласа поединечно за секој кандидат по редослед утврден по азбучен ред од презимето на кандидатот.

Член 11

По завршување на бодирањето на пријавените кандидати, Комисијата изготвува извештај за својата работа и подготвува Предлог-одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната година.

Предлог-одлуката заедно со извештајот се доставуваат до Советот на Општина Велес на разгледување и усвојување.

Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти за тековната година ќе биде објавена на огласна табла во Општинскиот центар за услуги, на веб страната и во службеното гласило на општината.

Член 12

По донесувањето на одлуката и извршениот избор, Комисијата ги известува сите пријавени кандидати и на неизбраните им ги доставува приложените документи со пријавата.

Приговор

Член 13

Незадоволните кандидати имаат право на приговор до Комисијата, во рок од 3(три) дена од денот на приемот на одлуката за избор.

Приговорот се доставува во писмена форма.

Одлуката по приговорот се доставува во рок од 15 дена од денот на доставувањето на приговорот.

Одлуката на Комисијата е конечна.

Договор и начин на исплаќање

Член 14

Корисникот на стипендијата е должен да склучи Договор со општината со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски и начинот на исплата на стипендијата.

Стипендијата ќе се исплатува 9 (девет)месеци во годината, започнувајќи од месец октомври, па се до месец јуни.

Стипендијата се уплатува на трансакциона сметка на корисникот на стипендијата.

Завршни одредби

Член 15

Членовите на Комисијата се должни да се придржуваат на одредбите од Правилникот.

Член 16

По предлог на членовите на Комисијата овој Правилник може да се менува, на начин и во постапка како што се донесува.

Член 17

Правилникот стапува во сила со денот на неговото донесување и ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5070/1
05.09.2011 година
Велес,

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за стипендирање на
талентирани ученици и студенти на
Советот на Општина Велес
Вангелица Гаврилова с,р.

Бр на акт **Страница**

122	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за начинот на користење простории и давање на времено користење на дел од имот сопственост на Општина Велес -објект во м.в.„Димитар Влахов“ бб Велес** **О Д Л У К А за начинот на користење простории и давање на времено користење на дел од имот сопственост на Општина Велес од објект во м.в.„Димитар Влахов” бб Велес**	**269**
123	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за усвојување на Стратегија за информатички и комуникациски технологии на Општина Велес** **О Д Л У К А за усвојување на Стратегија за информатички и комуникациски технологии на Општина Велес**	**271**
124	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата со финансиски резултати на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт„ Велес за периодот од 01.01.2011 до 30.06.2011година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работата со финансиски резултати на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-Спорт„ Велес за периодот од 01.01.2011 до 30.06.2011 година**	**271**
125	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна програма за работа на Општинското основно училиште „Св.Кирил и Методиј“ Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Годишна програма за работа на Општинското основно училиште „Св.Кирил и Методиј“ Велес за учебната 2011/2012 година**	**272**
126	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна програма за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Годишната програма за наставно-воспитната работа на Општинското основно училиште „Васил Главинов“Велес за учебната 2011/2012 година**	**273**
127	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна програма за работа на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Годишна програма за работата на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес за учебната 2011/2012 година**	**273**

Бр на акт **Страница**

128	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна програма за воспитно-образовната дејност на Општинското основно училиште „Благој Кирков“ Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К За не усвојување на Годишна програма за воспитно -образовната дејност на Општинското основно училиште „Благој Кирков“ Велес за учебната 2011/2012 година**	**274**
129	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна програма за работа на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Годишна програма на Општинското основно училиште „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ Велес за учебната 2011/2012 година**	**274**
130	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на Општинското основно училиште „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари - Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на Општинското основно училиште „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари - Велес за учебната 2011/2012 година**	**275**
131	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци - Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работата на Општинското основно училиште „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци, Велес за учебната 2011/2012 година**	**275**
132	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2011/2012 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Општинското основно музичко училиште „Стефан Гајдов“ Велес за учебната 2011/2012 година**	**276**

Бр на акт **Страница**

133	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“- Велес за учебната 2011/2012 година**	276
	З А К Л У Ч О К за не усвојување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“- Велес за учебната 2011/2012 година	
134	**З А К Л У Ч О К За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“- Велес за учебната 2011/2012 година**	277
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“- Велес за учебната 2011/2012 година	
135	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Средното стручно општинско училиште„Коле Неделковски“ - Велес за учебната 2011/2012 година**	277
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Средното стручно општинско училиште„Коле Неделковски“- Велес за учебната 2011/2012 година	
136	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“- Велес за учебната 2011/2012 година**	278
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за воспитно-образовната работа на Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“- Велес за учебната 2011/2012 година	
137	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2011/2012 година**	278
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна програма за работа на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес за учебната 2011/2012 година	
138	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2011 година**	279
	З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2011 година	

Бр на акт **Страница**

139	**ДЕЛОВНИК за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес**	**279**
140	**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2012 година**	**281**
141	**ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**	**281**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00